Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 17 декември 2024 година

Скопје, декември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 17 декември 2024 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, доц. д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Катерина Антовска, претставник од Министерството за финансии, Иван Стојановски, директор за финансии во Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, Неџмедин Садики,

директор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, Филип Филиповски, директор на АД „Водостопанство на РСМ“ – Скопје, Максим Ацевски, главен државен ревизор, Сашо Груејвски, државен советник во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Методија Ристоски, нотар.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 34-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана 21 ноември 2024 година

1. Предлог - деловник за работа на Владата на Република Северна Македонија

2. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

3. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Агенција за вработување на Република Северна Македонија (Сметка на основен буџет (660))

4. Деловен и Финансиски извештај за 2022 година на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија - Скопје, со статус на организација од јавен интерес, со Ревизорски извештај

5. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Здравствен дом Панче Караѓозов - Штип)

6. Годишна сметка на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за 2023 година, Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола во 2023 година и Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за 2023 година за Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола, со дополнување и предлог-одлуки

7. Програма за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип за 2024 година, со Предлог - одлука

8. Годишна сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година и Извештајот на независниот ревизор, со предлог - одлуки

9. Извештај за искористеност на средства од Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот Коридор 8 и Коридор 10 Д за 2023 година

10. Информација за одобрување за отстапување на мазут на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје од задолжителните резерви на нафтени деривати, со Предлог - одлука

11. Барање за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со Предлог – одлука

12. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје)

13. Тарифа на Централен регистар на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

14. Информација за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, со Предлог - одлука

15. Предлог - уредба за мерките и процедурите за олеснување во цивилното воздухопловство

16. Информација за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Министерството за европски прашања, со Предлог - одлука

17. Предлог - одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Агенцијата за храна и ветеринарство

18. Информација за одвивање на градежни активности на дел од трасата на продуктоводот Солун - Скопје од Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје

19. Информација за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје и изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со предлог - одлуки

20. Информација за донесување на одлуки за давање согласност на одлуки за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во Технолошко - индустриска развојна зона Скопје 1, Технолошко - индустриска развојна зона Скопје 2, Технолошко - индустриска развојна зона Штип и Технолошко - индустриска развојна зона Прилеп, со предлог - одлуки

21. Барање за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, со Предлог - одлука

22. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (со намена изградба на објекти од јавен интерес - градба со намена Е1. 13 површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет до 10 mw), со прилози

23. Предлог - одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје (КО Битола 5)

24. Предлог - одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје

25. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.571, КО Злокуќани, КП бр.861/1)

26. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.2304/1, Имотен лист бр.91413 КО Карпош)

27. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.6974, КО Злокуќани, КП бр.859/2)

28. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)

29. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на националната рурална мрежа на Република Северна Македонија

30. Предлог - уредба за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година

31. Предлог - одлука за престанување на важењето на Одлуката за утврдување на вредноста на дивечот

32. Предлог - одлука за востановување на ловишта на територијата на Република Северна Македонија

33. Информација за усвојување на предлог Акцискиот план за воспоставување и развивање на мрежата за Интегрирана заштита на растенијата

34. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.6.2024 година, со прилози

35. Информација за проектот „Изградба на нова железничка делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија, како дел од Коридор 8“ во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II)

36. Информација во врска со анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2023 година за Аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид, со прилози

37. Информација во врска со ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2024 година

38. Информација за Програмата за управување, користење и заштита на подземните води на Република Северна Македонија, со прилози и усогласен текст на Меморандум

39. Информација во врска со преземените активности за спроведување на постапката за продажба на имотот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар АД“ од Куманово, со Предлог – одлука

40. Предлог - одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година

41. Предлог - одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА- Инвестиции во железничката инфраструктура, Ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт за 2024 година

42. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за формирање на комисија за изработка и следење на спроведувањето на предвидените мерки и остварување на целите на Националниот акциски план

43. Предлог - одлука за определување на годишниот надоместок за Комисијата за изработка и следење на спроведувањето на предвидените мерки и остварување на целите на Националниот акциски план

44. Предлог - решение за именување членови на Комисија за спроведување на постапката за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост

45. Информација за кофинансирање на Дигитален иновациски центар во рамки на Програмата „Дигитална Европа"

46. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Сообраќајно - транспортно инженерство" на Технички факултет во Битола, при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, со Предлог - решение

47. Информација во врска со Годишен извештај за 2022 година и 2023 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024, со текст на Годишен извештај и Национален акциски план

48. Информација за усвоените препораки од Комитетот на министри при Советот на Европа до земјите членки за еднаквоста на жените и девојчињата Ромки

49. Информација за измени во Конкурсот за стручни и дефицитарни кадри во уметноста и заштитата на културното наследство за 2025 година

50. Извештај за извршени преговори и за потпишување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието, со текст на Договор

51. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2024 година

52. Предлог - одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија

53. Иницијатива од Ѓорѓе Поп-Кочев, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.216/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.183/24)

54. Понуда од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.93501 за КО Охрид, на КП бр.7797/1, викано место/улица „Град"

55. Понуда од нотар Патриша Трајковска од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.101950 за КО Тетово 1, на КП бр.723, викано место/улица „Ј.Златановски“

56. Понуда од нотар Симона Талевска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.30 за КО Кравари, на КП бр.181/1, викано место/улица „Меѓа“

57. Понуда од нотар Снежана Сарџовска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2828, за КО Глуво Бразда, на КП бр.1549, викано место/улица „Штитиње“

58. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 727, за КО Глуво Бразда, на КП бр. 2545, викано место/улица „Шамак“

59. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје, за размена на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5082, за КО Драчево 2, на КП бр.6921 и КП бр.6936, викано место/улица „Чинор“

60. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1984 за КО Инџиково, на КП бр.489/17, викано место/улица „Инџиково“

61. Кадровски прашања

62. Прашања и предлози

63. Информација за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2025 година

64. Информација за Национална стратегија за развој на културата за периодот 2025 - 2029 година

65. Информација за тековниот статус на годишни активности на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за 2023 година

66. Информација за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови“, со статистички податоци за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот

67. Информација за спроведената ревизија на наменското трошење на средствата од буџетот во Министерството за финансии, со прилог

68. Извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија во периодот јануари - јуни 2024 година

69. Извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари до 30 јуни 2024 година

70. Информација во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2023 година на ТАВ Македонија и Сертификатот за годишен надоместок за концесија

71. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен аеродром - Скопје и „Св. апостол Павле“–Охрид, заклучно со јуни 2024 година на ТАВ Македонија, со прилози

72. Информација за Студија на опфат за промоција на енергетска ефикасност и обновлива енергија во секторот за води и санитарен сектор во Република Северна Македонија

73. Информација за работењето на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје во првото тримесечје на деловната 2024 година

74. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за првото тримесечје од 1.1.2024 година до 31.3.2024 година

75. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за период од 1 април 2024 година до 30 јуни 2024 година

76. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за период од 1 јули 2024 година до 30 септември 2024 година

77. Информација за статус на спроведување на постапката за исплатата на финансиска поддршка кон деловните субјекти во 2024 година, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите

78. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 6 ноември 2024 година до 12 ноември 2024 година

79. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 6 ноември 2024 година до 12 ноември 2024 година

80. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 ноември 2024 година до 19 ноември 2024 година

81. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13 ноември 2024 година до 19 ноември 2024 година

82. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 20 ноември 2024 година до 26 ноември 2024 година

83. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 20 ноември 2024 година до 26 ноември 2024 година

84. Известување за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 21 ноември 2024 година до 27 ноември 2024 година

85. Информација за обезбедување на асистенција од Армијата со рендген за пребарување/скенирање на потенцијални места на складирана муниција и минско-експлозивни средства, со Предлог – одлука

86. Предлог - одлука за одобрување  на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

87. Информација со Барање за итно отпочнување на вонстечајна постапка за санација на Друштво Фабрика за шински возила Велес ДООЕЛ Велес, со план за реорганизација

88. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-англиска книжевност“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог – решение

89. Предлог - одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“, Скопје

90. Предлог - одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“, Прилеп

91. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Технологија на производство и обработка на тутун и производи од тутун“ на Научен институт за тутун во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог – решение

92. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Туризам“ на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог - решение

93. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Информатички науки и компјутерско инженерство“ на Факултетот за информатички и комуникациски технологии во Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог – решение

94. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Турски јазик и книжевност“ на Факултетот за образовни науки при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, со Предлог - решение

95. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Балкански студии“ на англиски јазик, на Правниот факултет при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, со Предлог - решение

96. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“, Скопје

97. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“, Битола

98. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнологија и антропологија“ на Природно-математичкиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог – решение

99. Информација за потребата од донесување на решение за измена на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Хидрологија“ на Факултет за природни и технички науки, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог – решение

100. Предлог - одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид

101. Предлог - одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“, Штип

102. Предлог - одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“, Скопје

103. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2024 година

104. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за спорт)

105. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за одбрана)

106. Предлог - одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2024 година до 2028 година

107. Предлог - одлуката за индикатори за пресметување на развоен индекс на планските региони

108. Информација за потребата од склучување на Анекс број 2 на Договорот бр.81071192, склучен на 30.9.2021 година помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација, претставена од Федералниот оддел за надворешни работи, постапувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДС) и Владата на Република Северна Македонија, претставена од Министерството за локална самоуправа (МЛС) во врска со соработката во проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – Фаза II“, со усогласен текст на Анекс број 2 од Договорот

*

*      *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 ноември 2024 година.

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата го разгледа Предлог - деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија и го донесе Деловникот, со заклучок текстот на истиот да се усогласи во делот на надлежноста на органите за доставување на мислења по материјалите кои произлегуваат од Рамковниот договор.

Точка 2

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и во рок од 30 дена истиот да го достави до Владата на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

Точка 3

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Агенција за вработување на Република Северна Македонија (Сметка на основен буџет (660)), како материјал за информирање.

Истовремено се задолжува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и за истото квартално да ја известува Владата.

Точка 4

Владата ги разгледа и ги усвои Деловниот и Финансискиот извештај за 2022 година на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија-Скопје, со статус на организација од јавен интерес, со Ревизорски извештај.

Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или

транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Здравствен дом Панче Караѓозов - Штип).

Точка 6

Владата ги разгледа Годишната сметка на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за 2023 година, Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола во 2023 година и Извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи за 2023 година за Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола, со дополнување и предлог - одлуки и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за 2023 година.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за 2023 година.

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за 2023 година.

Точка 7

Владата по Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип за 2024 година, со Предлог - одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2024 година.

Точка 8

Владата ги разгледа Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година и Извештајот на независниот ревизор, со предлог - одлуки и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година.

2. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година.

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година.

## Точка 9

Владата го разгледа Извештајот за искористеност на средства од Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот Коридор 8 и Коридор 10Д за 2023 година, како материјал за информирање.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување за отстапување на мазут на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје од задолжителните резерви на нафтени деривати, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отстапување на мазут од задолжителните нафтени резерви на нафтени деривати на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (усогласени со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 11

Владата го разгледа Барањето за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

## Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје).

## Точка 13

Владата ја разгледа Тарифата на Централен регистар на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифата на Централен регистар на Република Северна Македонија.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на

Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, фискалните импликации кои произлегуваат од програмата да се во рамки на предвидениот буџет.

Точка 15

Владата ја донесе Уредбата за мерките и процедурите за олеснување во цивилното воздухопловство.

Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Министерството за европски прашања, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Министерството за европски прашања.

Точка 17

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за одвивање на градежни активности на дел од трасата на продуктоводот Солун - Скопје од Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт да одржи координативен состанок со Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје и Државниот градежен инспекторат, од кој ќе произлезат конкретни предлози за надминување на проблемите кои се предмет на оваа информација, а Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје во рок од 20 дена, да достави нова информација со предлог - заклучоци и акциски план.

Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје и изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје.

3. Даде Изјава за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлуки за давање согласност на Одлуки за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во Технолошко - индустриска развојна зона Скопје 1, Технолошко - индустриска развојна зона Скопје 2, Технолошко - индустриска развојна зона Штип и Технолошко - индустриска развојна зона Прилеп, со предлог одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во Технолошко - индустриска развојна зона Скопје 1 и Технолошко - индустриска развојна зона Скопје 2.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Штип.

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Прилеп.

## Точка 21

Владата го разгледа Барањето за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје.

## Точка 22

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (со намена изградба на објекти од јавен интерес - градба со намена Е1. 13 површински соларни и фотоволтаични

електрани со капацитет до 10 mw), со прилози и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

Точка 23

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје (КО Битола 5), за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Предлог-одлуката со мислењата на Министерството за транспорт и Секретаријатот за законодавство.

Точка 24

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје, за наредната седница на Владата.

Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.571, КО Злокуќани, КП бр.861/1).

Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.2304/1, Имотен лист бр.91413 КО Карпош).

Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.6974, КО Злокуќани, КП бр.859/2).

Точка 28

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*).

Точка 29

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија.

Точка 30

Владата ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година.

Точка 31

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за утврдување на вредноста на дивечот.

Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за востановување на ловишта на територијата на Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на предлог Акцискиот план за воспоставување и развивање на мрежата за Интегрирана заштита на растенијата (усогласена со Министерството за финансии), ја усвои и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Фитосанитарна управа да ја информира Владата за напредокот во реализацијата на активностите од Акцискиот план за воспоставување и развивање на мрежата за интегрирана заштита на растенијата на секои шест месеци.

Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.6.2024 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за правда - Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Градот Скопје, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Водовод и канализација - Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас - Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација

М-НАВ АД Скопје, да подготват акциски план по дадениот Образец, со статус заклучно со 31.12.2024 година за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и да го достават до Министерството за финансии, најдоцна до 20.1.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии до 20.2.2025 година врз основа на добиените акциски планови од институциите наведени во Заклучокот бр.1 да подготви информација и да ја достави до Владата.

Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за Проектот „Изградба на нова железничка делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија, како дел од Коридор 8“ во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, а се задолжува Министерството за транспорт да достават Објаснување (Justification) до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори – ЦФЦД, за причините за поништување на започнатата тендерска постапка, во најкраток можен рок.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување договори – ЦФЦД, по добивање на Објаснувањето (Justification) од страна на Министерството за транспорт и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, да достави барање до Делегацијата на Европска Унија за поништување на започнатата тендерска постапка за избор на изведувач, во најкраток можен рок.

Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата во врска со анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2023 година за Аеродромот „Св. Апостол Павле“ - Охрид, со прилози, ја усвои Информацијата и ја одобри анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2023 година за Аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид.

Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да го информира ТАВ Македонија за одобрувањето на ревидираниот Стратешки маркетинг план за 2024 година.

Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата за управување, користење и заштита на подземните води на Република Северна Македонија, со прилози и усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација, застапувана од Сојузното министерство за надворешни работи, кое дејствува преку Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), Амбасада на Швајцарија во Република Северна Македонија, и Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Управата за хидрометеоролошки работи.

2. Се овластуваат м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопнаство и Игор Лазаровски, директор на Управата за хидрометеоролошки работи да го потпишат Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација, застапувана од Сојузното министерство за надворешни работи, кое дејствува преку Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), Амбасада на Швајцарија во Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Управата за хидрометеоролошки работи.

3. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги планираат средствата во рамките на сопствените буџети за годините кои се опфатени во Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација, застапувана од Сојузното министерство за надворешни работи, кое дејствува преку Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), Амбасада на Швајцарија во Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Управата за хидрометеоролошки работи.

Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата во врска со преземените активности за спроведување на постапката за продажба на имотот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар АД“ од Куманово, со Предлог - одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за продажба на движни ствари и недвижни ствари кои претставуваат нераздвојна или технички - технолошка целина со недвижна ствар во сосопственост на државата и трети лица.

2. Се задолжува Министерството за финансии –Управа за јавни приходи, согласно член 151 од Законот за даночна постапка, да пристапи кон продажба на движниот имот (три машини) со јавна аукција по електронски пат и тоа:

- MOLDING MARK 8 - линија 3 со сериски број 23428 во чиј состав е и машината HAUNI со сериски број 7249;
- MOLDING MARK 8 – линија 4 со сериски број 33125 во чиј состав е и машината HAUNI со сериски број 7147;
- машина за изработка на цигари GD – BOLONJA во чиј состав влегува:
- машина за изработка на цигари двоканална GD – BOLONJA MAKER 121 со сериски број 0941170404 ,
- машина за спојување филтри GD – Bolonja AF12 со сериски број 0941170303,
- акумулатор за цигари (буфер) GD – Bolonja S90 со сериски број 951186104,
- машина за пакување на цигари во кутии GD – BOLONJA X со сериски број 951181222,
- резервоар-акумулатор за спакувани кутии цигари (буфер) GD – BOLONJA со сериски број 1195613,
- машини за пакување кутии цигари во штеки GD – BOLONJA I.L. 16 со сериски број 951182002,
- врекен филтер со вентилатор HAUNI DF-CZ со сериски број 3918166;

кои машини се доделени со различно право на намирување на Управата за јавни приходи надвор од стечајната маса, над кој имот е воспоставено заложно законско право во постапка на присилна наплата, врз основа на проценетата вредност од овластен проценител.

3. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, да подготви и до Владата да достави предлог - одлука за продажба на недвижниот имот, по катастарски парцели, кој имот е во целосна сопственост на Република Северна Македонија, доделен во стечајна постапка со Решение на Основен суд Велес ст.број 137/13 од 8.7.2016 година (недвижен имот од Пакет 5 и Пакет 7) врз основа на проценетата вредност од овластен проценител.

4. Се задолжува Министерството за финансии –Управа за јавни приходи, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, да подготви и до Владата да достави предлог-одлука за продажба на движниот имот, кој е во целосна сопственост на Република Северна Македонија, доделен во стечајна постапка со Решение на Основен суд Велес ст.број 137/13 од 8.7.2016 година (машини и опрема и канцелариски мебел од Пакет 5) врз основа на проценетата вредност од овластен проценител.

5. Се задолжува Министерството за финансии –Управа за јавни приходи, согласно Законот за сопственост и други стварни права, да отпочне постапка за впаричување на недвижен имот, сосопственост на Република Северна Македонија и трети лица, доделен во стечајна постапка со Решение на Основен суд Велес ст.број 137/13 од 8.7.2016 година (недвижен имот- Пакет 6) врз основа на проценетата вредност од овластен проценител.

6. Се задолжува Министерството за финансии –Управа за јавни приходи, согласно Законот за сопственост и други стварни права, да отпочне постапка за впаричување на движен имот, сосопственост на Република Северна Македонија и трети лица, доделен во стечајна постапка со Решение на Основен суд Велес ст.број 137/13 од 8.7.2016 година (Пакет 9) врз основа на проценетата вредност од овластен проценител.

7. Се задолжува Министерството за финансии –Управа за јавни приходи во рок од 30 дена до Владата да достави информација за преземените активности.

<u>Точка 40</u>

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година и ја донесе Одлуката со заклучок во текстот на истата во точка 3 наместо „Средствата од точка 1 на оваа ќе се префрлат на посебна наменска сметка на општините" да стои „Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се префрлат на посебна наменска сметка на општините".

<u>Точка 41</u>

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, Ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт за 2024 година.

<u>Точка 42</u>

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на комисија за изработка и следење на спроведувањето на предвидените мерки и остварување на целите на Националниот акциски план.

<u>Точка 43</u>

Владата ја донесе Одлуката за определување на годишниот надоместок за Комисијата за изработка и следење на спроведувањето на предвидените мерки и остварување на целите на Националниот акциски план.

<u>Точка 44</u>

Владата го донесе Решението за именување членови на Комисија за спроведување на постапката за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за кофинансирање на Дигитален иновациски центар во рамки на Програмата „Дигитална Европа“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој да обезбеди средства од својата посебна сметка (Раздел 04001, Тип на сметка 789, Потпрограма 13), во висина од 30 милиони денари за кофинансирање на проектот „ИННОФЕИТ Европски дигитален иновациски хаб - Едношалтерски систем за дигитална и зелена транзиција во Република Северна Македонија“ (INNOFEIT European Digital Innovation Hub: One-stop shop for digital and green transformation in the Republic of North Macedonia), кој ќе се спроведува од страна на конзорциум предводен од координаторот Центар за трансфер на технологии и иновации-ИННОФЕИТ.

2. Се препорачува на конзорциумот предводен од координаторот Центар за трансфер на технологии и иновации–ИННОФЕИТ да вклучи по еден претставник од Министерството за дигитална трансформација, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Фондот за иновации и технолошки развој во управниот одбор на проектот „ИННОФЕИТ Европски дигитален иновациски хаб - Едношалтерски систем за дигитална и зелена транзиција во Република Северна Македонија“.

3. Се препорачува на конзорциумот предводен од координаторот Центар за трансфер на технологии и иновации–ИННОФЕИТ да доставува квартални и годишни извештаи за реализација на проектот „ИННОФЕИТ Европски дигитален иновациски хаб - Едношалтерски систем за дигитална и зелена транзиција во Република Северна Македонија“, како и квартални и годишни финансиски извештаи до Министерството за дигитална трансформација и Фондот за иновации и технолошки развој.

4. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација и се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, а се препорачува на конзорциумот предводен од координаторот Центар за трансфер на технологии и иновации–ИННОФЕИТ, во рок од пет дена, да склучат Меморандум за соработка за уредување на меѓусебните права и обврски.

5. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, еднаш годишно, да ја информира Владата за прогресот за активностите кои произлегуваат од проектот „ИННОФЕИТ Европски дигитален иновациски хаб - Едношалтерски систем за дигитална и зелена транзиција во Република Северна Македонија“.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Сообраќајно - транспортно инженерство“ на

Технички факултет во Битола, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Сообраќајно - транспортно инженерство“ на Технички факултет во Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола.

## Точка 47

Владата по Информацијата во врска со Годишен извештај за 2022 година и 2023 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024, со текст на Годишен извештај и Национален акциски план заклучи:

1. Ги усвои Годишниот извештај за 2022 година и 2023 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Националниот акциски план за родова еднаквост 2022-2024, и заклучи да се достават до Собранието, согласно член 205 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

2. За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Светлана Цветковска, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за усвоените препораки од Комитетот на министри при Советот на Европа до земјите членки за еднаквоста на жените и девојчињата Ромки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и труд, Министерството за транспорт и Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да ги имплементираат усвоените препораки од Комитетот на министри при Советот на Европа, при подготовка на своите стратегии и акциски планови до 31.12.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, еднаш годишно да ја информира Владата за имплементираните препораки на Комитетот на министри кои се однесуваат на жените и девојчињата Ромки, при подготовка на сите документи кои се однесуваат на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 година.

Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за измени во Конкурсот за стручни и дефицитарни кадри во уметноста и заштитата на културното наследство за 2025 година, ја усвои и го задолжи Министерството за култура и туризам за ефектите од измените на конкурсниот концепт за стручни и дефицитарни кадри во уметноста и заштитата на културното наследство за 2025 година да ја информира Владата во октомври 2025 година.

Точка 50

Владата го одложи од разгледување Извештајот за извршени преговори и за потпишување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието, со текст на Договор, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Точка 51

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2024 година.

Точка 52

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија.

Точка 53

Владата ја разгледа Иницијативата од Ѓорѓе Поп-Кочев, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.216/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.183/24 ) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива, предлагачот бара Уставниот суд да ја оцени уставноста на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки, да донесе времена мерка со која ќе се запре извршувањето на оспорената Одлука до донесување на одлука по Иницијативата и да ја поништи Одлуката во целост.

Како образложение на Иницијативата, предлагачот укажува дека во оспорената Одлука нема повикување на причините поради кои Владата ја има донесено, што, според предлагачот на Иницијативата ја прави произволна и спротивна на начелото на Уставот за слободна пазарна економија, односно, слобода на пазарот и претприемништвото.

Понатаму, според предлагачот, оспорената Одлука е спротивна и на членовите 4 и 5 од Законот за трговија, кои одредби се донесени во духот на уставното начело за слобода на пазарот на претприемништвото.

Владата цени дека ваквата Иницијатива е во целост неоснована, поради следното:

Владата на Република Северна Македонија, врз основа на членот 30 став 1 алинеја 1 од Законот за трговија на седницата, одржана на 3 септември 2024 година, донесе Одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки, која е објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 183 од 3.9.2024 година.

Со оваа одлука се определи највисоката трговска (профитна) маржа како посебен услов во трговијата со училиштен прибор и тоа за:
- ранци и ташни;
- тетратки, блокови, нотеси, колажи;
- средства за пишување (моливи и пенкала);
- дрвени боици;
- пластелин, теста за моделирање, подлоги;
- фломастери и маркери;
- мрсни боици;
- темперни, акрилни, водени бои и четки;
- линијари и дидактички материјали;
- острилки и гуми за бришење;
- детски ножици;
- футроли, етуи и училишни додатоци;
- лепак;
- шестари, дигитрони, компаси и лупи;
- чаши за прибор и држачи;
- украсна хартија;
- папки и картонски ташни и
- материјали за изработка.

Највисоката трговска (профитна) маржа за овие стоки за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец во трговијата на големо се утврди во вкупен износ до 5%, а во трговијата на мало се утврди во вкупен износ до 10%. Согласно членот 2 од Одлуката, се утврди рокот за примена на оваа одлука да биде до 20 октомври 2024 година.

Владата смета дека се неточни наводите на предлагачот во Иницијативата, дека Одлуката е произволно донесена, односно дека не се исполнети условите од членот 29 од Законот за трговија.

Имено, Одлуката е донесена имајќи го предвид членот 29 став 1 алинеја 3 од Законот за трговија, според кој „Владата може привремено да го ограничи вршењето на трговијата во случај нарушување на домашниот пазар заради злоупотреба во прометот на одделни производи и стоки“.

Врз основа на претходно спроведени анализи на малопродажните цени на училиштен прибор и на увозните цени на истиот од страна на Министерството за економија и труд, Владата утврди дека одделни трговци вршат злоупотреба во прометот на одделни производи и стоки, применувајќи енормно високи профитни маржи, така што малопродажните цени на одделни производи на училиштен прибор (тетратки, темперни бои, моливи, коректори, линијари и маркери) се повисоки и за 200% до 400% од увозните цени на истите производи.

Одлуката беше донесена со цел да се ограничат ваквите високи профитни маржи и истата беше насочена само кон трговците кои применуваат енормно високи трговски профитни маржи. Не се точни констатациите на предлагачот на Иницијативата дека со Одлуката, Владата директно влијае на условите за работа на трговците, чијашто дејност е трговија со училиштен прибор, односно на 80% од производите кои трговците ги продаваат и дека на тој начин директно ги загрозува работните места на вработените во овој сектор.

Имено, се нагласува дека со Одлуката се ограничува само профитната маржа кај трговците. На трговците им се признаваат оперативните трошоци во работењето. За поедноставна и јасна примена на Одлуката, Министерството за економија и труд подготви Упатство, кое беше објавено на веб-страницата на Министерството, на 6.9.2024 година.

Согласно Упатството, при утврдувањето на цените, на трговците покрај наведените профитни маржи, им се признаваат во целост и оперативните трошоци за работењето, кои трговците јасно требаше да ги искажат при формирањето ка продажната цена за стоките.

Ова значи дека оперативните трошоци за работењето требаше да се искажат во процентуален износ според Билансот на успех на трговецот од претходната деловна година, истите подеднакво да се распределат на сите стоки наведени во Одлуката и пресметката за формирање на продажната цена да биде составен дел на Приемниот лист во трговијата на мало (ПЛТ образец).

Оперативните трошоци во работењето, кај трговците се различни и се движат од 20% од вкупните трошоци на работењето кај одделни трговци, до 50% од вкупните трошоци на работењето кај други трговци, што значи дека трговците согласно Одлуката можеа да ги зголемат набавните (увозните) цени на овие производи од 50% до 90%, но не и повеќе од тоа. На овој начин, на трговците само им се оневозможува да остваруваат енормно високи профити. Не се точни констатациите на предлагачот на Иницијативата дека Одлуката е спротивна на член 4 и член 5 од Законот за трговија.

Имено, со Одлуката, трговијата и понатаму се одвива под еднакви услови на пазарот, на начин со кој не се попречува конкуренцијата, не предизвикува штета на потрошувачите и на животната средина и здравјето на луѓето.

Со Одлуката, не се ограничува трговијата, туку се ограничува висината на профитот кој трговците можат да го остварат, откако ќе ги покријат трошоците на работењето. Одлуката е и во согласност со членот 5 од Законот за трговија, бидејќи Одлуката е донесена имајќи го предвид членот 29 став 1 алинеја 3 од Законот, според кој „Владата може привремено да го ограничи вршењето на трговијата во случај нарушување на домашниот пазар заради злоупотреба во прометот на одделни производи и стоки".

Со Одлуката, не се нарушува шареноликоста на цените на пазарот, туку само се смалува разликата во цените на производите на пазарот и наместо на пазарот да имаме тетратки од 20 денари до 200 денари, како и моливи од 5 денари до 50 денари во зависност од брендот и квалитетот на производот, со Одлуката имаме тетратки од 20 денари до 160 денари, како и моливи од 5 денари до 40 денари.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.183/24) е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 7 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да ја отфрли предметната иницијатива, како неоснована, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката.

Точка 54

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.93501 за КО Охрид, на КП бр.7797/1, викано место/улица „Град" и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 55

Владата ја разгледа Понудата од нотар Патриша Трајковска од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.101950 за КО Тетово 1, на КП бр.723, викано место/улица „Ј.Златановски" и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симона Талевска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.30 за КО Кравари, на КП бр.181/1, викано место/улица „Меѓа" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Точка 57

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Сарџовска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2828, за КО Глуво Бразда, на КП бр.1549, викано место/улица „Штитиње“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности, новото Мислење од Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 58

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 727, за КО Глуво Бразда, на КП бр. 2545, викано место/улица „Шамак“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Точка 59

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за размена на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5082, за КО Драчево 2, на КП бр.6921 и КП бр.6936, викано место/улица „Чинор“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

Точка 60

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1984 за КО Инџиково, на КП бр.489/17, викано место/улица „Инџиково“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

Точка 61

1. Владата го разреши Дејан Станков од должноста вршител на должноста директор на Државниот завод за статистика.

2. Владата го именува Дејан Станков за директор на Државниот завод за статистика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата ја разреши Маре Богева – Мицовска од должноста вршител на должноста директор на Бирото за јавни набавки.

4. Владата ја именува Маре Богева – Мицовска за директор на Бирото за јавни набавки, на предлог на министерот за финансии и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата ја именува Вероника Бучковска за вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го разреши Александар Бузлевски од должноста директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, на негово барање.

7. Владата ја именува Фросе Ѓоргиевска за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид.

8. Владата ја именува Наташа Лазарова Донева за вршител на должноста заменик на директорот на Казнено - поправната установа Затвор, Струмица и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на 3 (три) члена од кои 1 (еден) професионално ангажиран член, со полно работно време во Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

## Точка 62

1. Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

2. Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучок од точка 7 од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 ноември 2024 година, по Информацијата за постапување по Заклучок на Владата на Република Северна Македонија од точка 35 од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година по Информацијата за фактичката состојба на кровот на објектот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе потребните мерки и активности за работи – реновирање на постоечкиот систем за одводнување на кровната површина на објектот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.“.

3. Владата го разгледа Барањето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за изменување на Извадокот од Триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12.4.2022 година, донесен по Информацијата за статусот на активностите по компоненти во рамките на проектот: „Зајакнување на националните капацитети за ублажување и адаптација кон климатските промени и финализирање на Работната програма за

Зелениот климатски фонд на Република Северна Македонија“, имплементиран од страна на Организацијата за храна и земјоделство на Обединентите нации, (ФАО), со особен осврт на процесот на Приоритизација на апликантите за потенцијални субјекти со директен пристап за Зелениот климатски фонд и издавање на писмо без приговор за национален субјект, го прифати Барањето и заклучи точка 1 од истото да се измени и да гласи:

„1. Се овластува проф. Даме Димитровски како национален координатор за Зелениот климатски фонд, да го извести Фондот дека престанува процесот за акредитација на ФИТР, а средствата нeменети за втора фаза на акредитација на ФИТР, предвидени во рамките на проектот - Зајакнување на капацитетите и развој на стратешки рамки за градење ниско јаглеродно и општество отпорно на климатски промени во Република Северна Македонија финансиран од Зелениот климатски фонд, а во вредност од 0.1 милион УСД, во согласност со програмските определби на Владата на Република Северна Македонија, ќе се пренаменат за основање на Зелен фонд и поддршка за почеток на процедури за негова акредитација како акредитирана национална институција за директен пристап на средства од Зелениот климатски фонд. “.

4. Владата го разгледа и не го прифати Известувањето од Државна комисија за жалби по јавни набавки за итно постапување по заклучок на Владата.

5. Владата ги задолжи сите министерства и буџетски корисници, јавни претпријатија основани од државата, агенции, фондови и акционерски друштва во државна сопственост, согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во редовна владина постапка веднаш да ги достават предлог – програмите (финансиски планови, инвестициони програми, програми за работа, со пополнети табеларни параметри согласно урнеците за финансиско информирање од претходните години) за користење на средства за 2025 година кои произлегуваат од Буџетот и од другите материјални закони, со цел истите да се разгледаат на тематски седници на Генералниот колегиум на државни секретари, работните тела на Владата и Владата.

За оваа цел, потребно е сите предлог - програми за работа за 2025 година, финансиски планови, инвестициони програми и слично, претходно да бидат усвоени и/или одобрени од органите на управување во надлежните институции и доставени на мислење до Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, како и до другите ресорно надлежни институции, со цел навремено усогласување на истите и нивно доставување до Владата, најдоцна до 15.1.2025 година.

6. Владата го одложи разгледувањето на Предлогот за изменување и дополнување на Заклучокот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2024 година (во врска со поседување на меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англиски јазик), поради потребата од дополнителни усогласувања.

7. Владата по повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со Заклучок од точка 88 „Прашања и предлози“ од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе потребните мерки и активности за работи – реновирање на целиот кров на објектот на Владата“.“

<u>Точка 63</u>

Владата ја разгледа Информацијата за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2025 година, како материјал за информирање.

<u>Точка 64</u>

Владата ја разгледа Информацијата за Национална стратегија за развој на културата за периодот 2025 - 2029 година, како материјал за информирање.

<u>Точка 65</u>

Владата ја разгледа Информацијата за тековниот статус на годишни активности на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за здравство во соработка со Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, да започне со подготовка на новата законска регулатива за акредитација на здравствените установи и во рок од три месеци да ја информира Владата за истото.

<u>Точка 66</u>

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови“, со статистички податоци за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот, како материјал за информирање.

<u>Точка 67</u>

Владата ја разгледа Информацијата за спроведената ревизија на наменското трошење на средствата од буџетот во Министерството за финансии, со прилог, како материјал за информирање.

Точка 68

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија во периодот јануари - јуни 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 69

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари до 30 јуни 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2023 година на ТАВ Македонија и Сертификатот за годишен надоместок за концесија, како материјал за информирање.

Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен аеродром Скопје и „Св. апостол Павле“–Охрид, заклучно со јуни 2024 година на ТАВ Македонија, со прилози, како материјал за информирање.

Точка 72

Владата ја разгледа Информација за Студија на опфат за промоција на енергетска ефикасност и обновлива енергија во секторот за води и санитарен сектор во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје во првото тримесечје на деловната 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 74

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за првото тримесечје од 1.1.2024 година до 31.3.2024 година, како материјал за информирање.

Точка 75

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за период од 1 април 2024 година до 30 јуни 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Јавното претпријатие „Стрежево“–Битола да преземе мерки за подобрување на состојбата со ненаплатените побарувања.

Точка 76

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за период од 1 јули 2024 година до 30 септември 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола да преземе мерки за подобрување на состојбата со ненаплатените побарувања, согласно укажувањето на Министерството за финансии.

Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за статус на спроведување на постапката за исплатата на финансиска поддршка кон деловните субјекти во 2024 година, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите, ја усвои и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја реализира исплатата на барањата за исплата на финансиска поддршка за договорите за финансиска поддршка, склучени во 2024 година.

Точка 78

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 6 ноември 2024 до 12 ноември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 79

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 6 ноември 2024 до 12 ноември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за

управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 80

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 ноември 2024 година до 19 ноември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 81

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13 ноември 2024 година до 19 ноември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 82

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 20 ноември 2024 година до 26 ноември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 83

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 20 ноември 2024 година до 26 ноември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 84

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 21 ноември 2024 до 27 ноември 2024 година и заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на асистенција од Армијата со рендген за пребарување/скенирање на потенцијални места на складирана муниција и минско-експлозивни средства, со Предлог - одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за обезбедување на асистенција од Армијата со рендген за пребарување/скенирање на потенцијални места на складирана муниција и минско- - експлозивни средства, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана да го обноват договорот за користење на услуги, технички материјални средства и стручен персонал.

*

*  *

Со оглед дека при усогласување на Одлуката не е најден изричен правен основ, Одлуката не е реализирана.

Точка 86

Владата ја донесе Одлуката за одобрување  на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата со Барање за итно отпочнување на вонстечајна постапка за санација на Друштво Фабрика за шински возила Велес ДООЕЛ Велес, со план за реорганизација, ја усвои Информацијата и го задолжи управителот на Друштво Фабрика за шински возила Велес ДООЕЛ Велес, да отпочне постапка за санирање на Друштвото со поведување на вонстечајна постапка со план за реорганизација на Друштвото со цел зачувување на деловниот опфат пред Основен суд Велес.

Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-англиска книжевност“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-англиска книжевност“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Точка 89

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“, Скопје.

Точка 90

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“, Прилеп.

Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Технологија на производство и обработка на тутун и производи од тутун“ на Научен институт за тутун во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Технологија на производство и обработка на тутун и производи од тутун“ на Научен институт за тутун во Прилеп, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола.

Точка 92

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Туризам“ на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Туризам“ на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

Точка 93

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Информатички науки и компјутерско инженерство“ на Факултетот за информатички и комуникациски технологии во Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Информатички науки и компјутерско инженерство“ на Факултетот за информатички и комуникациски технологии во Битола, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

Точка 94

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Турски јазик и книжевност“ на Факултетот за образовни науки при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии- докторски студии (180 ЕКТС) по „Турски јазик и книжевност“ на Факултетот за образовни науки при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје.

Точка 95

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Балкански студии“ на англиски јазик, на Правниот факултет при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Балкански студии“ на англиски јазик, на Правниот факултет при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје.

Точка 96

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“, Скопје.

Точка 97

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“, Битола.

## Точка 98

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнологија и антропологија“ на Природно -математичкиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнологија и антропологија“ на Природно- математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## Точка 99

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за измена на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Хидрологија“ на Факултет за природни и технички науки, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за измена на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Хидрологија“ на Факултет за природни и технички науки, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

## Точка 100

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид.

## Точка 101

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“, Штип.

## Точка 102

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“, Скопје.

## Точка 103

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на Министерство за социјална политика, демографија и млади за 2024 година и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2024 година, со

заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

*

*       *

Владата на Четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 декември 2024 година, ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2024 година.

Точка 104

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за спорт).

Точка 105

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за одбрана).

Точка 106 и Точка 107

Владата ги разгледа Предлог - одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот 2024 година - 2028 година и Предлог - одлуката за индикатори за пресметување на развоен индекс на планските региони и ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот 2024 - 2028 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и истата да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" по влегувањето во сила на Одлуката за индикаторите и пресметувањето на вредноста на развојниот индекс на планските региони.

2. Ја донесе Одлуката за индикаторите и пресметувањето на вредноста на развојниот индекс на планските региони, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, се задолжува Министерството за локална самоуправа веднаш да ги обезбеди сите мислења од надлежните и засегнатите институции.

Точка 108

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Анекс број 2 на Договорот бр.81071192, склучен на 30.9.2021 година помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација, претставена од Федералниот оддел за надворешни работи, постапувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ) и Владата на Република Северна Македонија, претставена од Министерството за локална самоуправа (МЛС) во врска со соработката во проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – Фаза II", со усогласен текст на Анекс број 2 од Договорот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Анекс број 2 на Договорот број 81071192, склучен на ден 30.9.2021 помеѓу Владата на Република Северна Македонија, претставена од Министерството за локална самоуправа (МЛС) и Владата на Швајцарската Конфедерација, претставена од Федералниот оддел за надворешни работи, постапувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ) во врска со соработката во проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – Фаза II".

2. Се определува м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Анекс број 2 на Договорот бр.81071192 склучен на ден 30.9.2021 помеѓу Владата на Република Северна Македонија, претставена од Министерството за локална самоуправа (МЛС) и Владата на Швајцарската Конфедерација, претставена од Федералниот оддел за надворешни работи, постапувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ) во врска со соработката во проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – Фаза II".

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:40 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | Љупчо Димовски |